**20141835707**

**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Врз основа на член 85 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 55/13, 41/14 и 115/14), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КАТАСТАРСКИ ПЛАНОВИ И ПЛАНОВИ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Член 1

Во Правилникот за катастарски планови и планови на инфраструктурни објекти („Службен весник на Република Македонија“ број 139/13), по членот 60 се додава нов наслов и нов член 60-а кој гласи:

**„Запишување во сразмерен идеален дел**

Член 60-а

(1) Кога при дигитализацијата на катастарските планови ќе се утврди дека, за катастарските парцели податоците за носителите на правата на недвижностите во катастарскиот операт се преземени од катастарот на земјиште врз основа на фиктивните евиденции, како површина на катастарската парцела се запишува површината која произлегува од дигитализираниот катастарски план, а податоците за носителите на правата се запишуваат во сразмерен идеален дел.

(2) Запишувањето од ставот (1) на овој член се врши со потврда за запишување на промена во катастарот на недвижностите по службена должност, која е дадена како прилог број 14 во Правилникот за одржување на катастарот на недвижностите.“

Член 2

Во членот 74, став (3) точка „4. СИВОД-сообраќајна инфраструктура воден сообраќај“, во редните броеви 1 и 2, колона „Геометрија“ зборот: „линија“ се заменува со зборот: „полигон“, а во колоната „Симбол“ зборовите: „испрекината линија“ се заменуваат со зборовите: „полна линија“.

Во точката „5. СИВОЗ – сообраќајна инфраструктура воздушен сообраќај“, во редните броеви 1 и 2, колона „Геометрија“ зборот: „линија “ се заменува со зборот: „полигон“.

Во точката „12. ЕИЕВ – енергетска инфраструктура електрични водови“, во редните броеви 1, 2, 3 и 20, колона „Симбол“ зборовите: „полна линија“ се заменуваат со зборовите: „испрекината линија“.

Редниот број 8 се менува и гласи:

„

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| јавно и улично осветлување | ЕИЕВ8 | црвена | 0.6 | линија | испрекината линија |

“ “

Во точката „13. ЕИНВ- енергетска инфраструктура нафтоводи“, редниот број 3 се менува и гласи:

„

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| собирни бушотински водови | ЕИНВ3 | светлоцрвена | 0.8 | линија | полна линија |

“

"

Во точката „15. ЕИТВ- енергетска инфраструктура топловоди", во редниот број 7, колона „Симбол" зборовите: „полна линија" се заменуваат со зборовите: „испрекината линија".

Во точката „18. ЕКИТОГ – телекомунилациска опрема и градби", во редните броеви 1, 2, 3, 4 и 5, во колоната „Боја" се внесуваат зборовите: „темно виолетова".

Точката „19. ДВИ – друг вид инфраструктура" се менува и гласи:

| | Код (шифра) | Боја | Дебелина | Геометрија | Симбол |
|---|---|---|---|---|---|
| канали за наводнување | ДВИ1 | портокалова | 1 | линија | полна линија |
| канали за одводнување | ДВИ2 | портокалова | 1 | линија | полна линија |
| канали за дотур на вода | ДВИ3 | портокалова | 1 | линија | полна линија |
| синфон на канал за вода | ДВИ4 | портокалова | 1 | точка | полна точка |
| системи за наводнување на земјоделско земјиште | ДВИ5 | портокалова | 0.6 | линија | полна линија |
| депонии (опасен, неопасен и интерен отпад (градежен шут) | ДВИ6 | портокалова | 0.6 | полигон | полна линија |
| аквадукт | ДВИ7 | портокалова | 0.6 | линија | полна линија |
| тунел за проток на вода | ДВИ8 | портокалова | 1 | линија | полна линија |
| друг вид инфраструктура | ДВИ | портокалова | | | |

„ 19. ДВИ – други видови на инфраструктура

"

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-21322/1
15 декември 2014 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Анета Јорданова**, с.р.